**Заев противправно го узурпира мандатот, а соучесник во кршење на Уставот е и Пендаровски**
Петок, 14 Август 2020 09:14



# Зоран Заев во негова корист продолжува со кршење на Уставот.

СДСМ и Заев продолжуваат на неславната пракса на кршење на Уставот, при што сега активен учесник е и Пендаровски.
Ваквото узурпирање на мандатот е со цел да се добие дополнително време во кое претседателот на СДСМ, кој инаку самиот признава дека нема мнозинство ќе ги искористи овие 20 дена да прави непринципиелен и нехуман притисок и уцени врз пратеници за да обезбеди мнозинство во парламентот.
Уставот е јасен, потребен е доказ за поседување на мнозинство врз основа на кој се доделува мандатот. Се друго е кршење на Уставот.
Сега после изборите народот ја гледа сметката од неспособното владеење на Заев.
Сега граѓаните плаќаат 7,5% повисоки сметки за струја, пропаѓа банка, цената за откуп на грозје е катастрофална, излезе на виделина дека долгот пораснал за 1 милијарда евра за три месеци. Македонија е меѓународна опасност за ширење на корона вирусот, се нема конечен план како ќе се спроведува образовниот процес и редица други неуспеси кои ги донесе власта на Заев.
Македонија со Заев продолжува да пропаѓа и тоа мора да престане.

**ВМРО-ДПМНЕ**